## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1622.**

Врз основа на член 29 став (10) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), министерот за финансии донесе

### ПРАВИЛНИК
### ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на испитот за стекнување лиценца за финансиски инспектор.

Член 2

(1) Испитот за стекнување лиценца за финансиски инспектор (во натамошниот текст: испитот) се организира и спроведува од страна на Комисија формирана од министерот за финансии за секоја испитна сесија посебно (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Кандидатите кои успешно ја имаат завршено обуката согласно Програмата за полагање испит за стекнување лиценца за финансиски инспектор и се имаат стекнато со потврда за завршена обука за стекнување лиценца за финансиски инспектор до Комисијата поднесуваат барање за полагање на испитот.

(3) Образецот на барањето за полагање на испитот се објавува на веб-страницата на Министерството за финансии.

Член 3

(1) Врз основа на добиените барања за полагање на испитот од членот 2 став (2) од овој правилник, од страна на Комисијата се утврдува дали кандидатите ги исполнуваат условите за полагање на испитот и се подготвува листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот.

(2) Листата на кандидати од ставот (1) на овој член се објавува на веб-страницата на Министерството за финансии и кандидатите по електронски пат се известуваат за можноста за полагање на испитот, најмалку пет работни дена пред датумот на одржување на испитот.

Член 4

(1) Испитот се состои од општ и посебен дел, кои се тематски поврзани со модулите пропишани во Програмата за полагање испит за стекнување лиценца за финансиски инспектор.

(2) Испитот се полага писмено во времетраење од 100 минути.

(3) Испитот се полага со одговарање на тест од 50 прашања, кои носат вкупно 100 бодови, и тоа:

- општиот дел од испитот содржи 20 прашања, кои носат вкупно 40 бодови и секој точен одговор се оценува со 2 бода,
- посебниот дел од испитот содржи 30 прашања, кои носат вкупно 60 бодови и секој точен одговор се оценува со 2 бода.

(4) Испитот се полага со заокружување на еден точен одговор од три можни понудени одговори и истиот се смета за положен ако кандидатот освои најмалку 70 бодови од вкупно 100 бодови.

Член 5

(1) Пред почетокот на испитот, на барање на Комисијата, кандидатот треба да приложи документ за идентификација, со цел Комисијата да го утврди неговиот идентитет.

(2) Комисија им доделува на кандидатите идентификациски број под кој кандидатот ќе го полага испитот и ќе биде информиран за резултатите, тест и празно плико.

(3) Кандидатот го запишува својот идентификациски број на обележаното место на пликот од ставот (2) на овој член, во кое го става и завршениот тест.

(4) Пред почетокот на испитот, претседателот на Комисијата ги запознава кандидатите со правилата на полагање на испитот.

(5) За време на полагањето на испитот, кандидатот треба да се однесува во согласност со правилата за полагање на испитот од ставот (4) од овој член.

(6) Испитот започнува откако Комисијата ќе утврди дека условите за полагање на испитот се исполнети.

(7) Претседателот и членовите на Комисијата вршат следење на правилата за време на полагање на испитот и во случај на прекршување на правилата, го отстрануваат кандидатот од испитот.

(8) По завршување на времето за полагање на испитот, сите кандидати треба да запрат со пополнување на тестот и истиот да го ставаат во празното плико, кое и го предаваат на Комисијата.

Член 6

(1) Кандидатот може од оправдани причини да се откаже од полагањето и за истото треба писмено да ја извести Комисијата, но не подоцна од два работни дена пред датумот на одржување на испитот.

(2) Доказите за причините за откажување од полагање на испитот треба да бидат поднесени во прилог на писменото известување од ставот (1) на овој член.

(3) Ако кандидатот не го полага испитот и не ги образложи/оправда причините, ќе се смета дека не го положил испитот.

(4) Ако кандидатот се откаже од испитот кој започнал да се спроведува или ако член на Комисијата го отстрани кандидатот од испитот поради несоодветно однесување и/или однесување спротивно на правилата за испит, ќе се смета дека не го положил испитот.

(5) Во случаите од ставовите (3) и (4) на овој член, во записникот од спроведениот испит претседателот на Комисијата треба да ја објасни причината зошто кандидатот не го положил испитот.

Член 7

(1) По завршување на испитот, Комисијата ги оценува резултатите од тестовите најдоцна пет дена од денот на одржување на испитот.

(2) Успехот на кандидатот на испитот се оценува со „положил“ или „не положил“.

(3) Претседателот на Комисијата составува записник од спроведениот испит кој ги содржи резултатите од испитот и текот на испитот. Записникот од спроведениот испит се потпишува од претседателот и членовите на Комисијата.

(4) Записникот од резултатите од испитот се објавува на веб-страница на Министерството за финансии, најдоцна 10 дена од денот на одржување на испитот.

(5) Записникот од ставот (4) на овој член ги содржи идентификациските броеви на кандидатите кои го полагале испитот и вкупниот број на освоени бодови.

(6) Кандидатот може да побара увид во својот оценуван тест, најдоцна пет работни дена од денот на објавувањето на записникот од ставот (4) на овој член.

(7) Увидот во оценуваните тестови се овозможува во просториите на Министерството за финансии со присуство на најмалку два члена на Комисијата.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на полагање на испитот за финансиски инспектор, како и формата и содржината на барањето за полагање на испит и на лиценцата за финансиски инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/19).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-2556/1
1 април 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Фатмир Бесими/Fatmir Besimi**, с.р.

---

Në bazë të nenit 29 paragrafi (10) të Ligjit të Inspektimit Financiar në Sektorin Publik (*) ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.19/23), ministri i Financave miratoi

**RR E G U LL O R E
PËR MËNYRËN E ZBATIMIT TË PROVIMIT PËR PËRVETËSIMIN E LICENCËS SI INSPEKTOR FINANCIAR**

Neni 1

Me këtë rregullore përcaktohet mënyra e zbatimit të provimit për përvetësimin e licencës si inspektor financiar.

Neni 2

(1) Provimin për përvetësimin e licencës si inspektor financiar (në tekstin e mëtejshëm: provimi) e organizon dhe zbaton Komisioni i themeluar nga ministri i Financave për çdo sesion të provimeve veçmas (në tekstin e mëtejshëm: Komisioni).

(2) Kandidatët të cilët e kanë kryer me sukses trajnimin në përputhje me Programin për dhënien e provimit për përvetësimin e licencës si inspektor financiar dhe kanë marrë vërtetim për përfundimin e trajnimit për përvetëimin e licencës si inspektor financiar, parashtrojnë në Komision kërkesë për marrjen e provimit.

(3) Formulari i kërkesës për dhënien e provimit publikohet në faqen e internetit të Ministrisë së Financave.

Neni 3

(1) Në bazë të kërkesave të pranuara për dhënien e provimit nga neni 2 paragrafi (2) i kësaj rregulloreje, Komisioni konstaton nëse kandidatët i plotësojnë kushtet për dhënien e provimit dhe përgatit listën e kandidatëve të cilët i plotësojnë kushtet për dhënien e provimit.

(2) Lista e kandidatëve nga paragrafi (1) i këtij neni publikohet në ueb faqen e Ministrisë së Financave dhe kandidatët njoftohen në mënyrë elektronike për mundësinë e dhënies së provimit, së paku pesë ditë pune para datës së mbajtjes së provimit.

Neni 4

(1) Provimi përbëhet nga pjesa e përgjithshme dhe pjesa e veçantë, të cilat tematikisht lidhen me modulet e përcaktuara në Programin për dhënien e provimit për përvetësimin e licencës si inspektor financiar.

(2) Provimi jepet me shkrim në kohëzgjatje prej 100 minutave.

(3) Pjesa e përgjithshme dhe e veçantë e provimit jepet duke iu përgjigjur provimit prej 50 pyetjeve, të cilat kanë gjithsej 100 pikë edhe atë:

- pjesa e përgjithshme e provimit përmban 20 pyetje, të cilat kanë gjithsej 40 pikë dhe çdo përgjigje e saktë vlerësohet me 2 pikë,
- Pjesa e veçantë e provimit përmban 30 pyetje, të cilat kanë gjithsej 60 pikë dhe çdo përgjigje e saktë vlerësohet me 2 pikë.

(4) Provimi jepet duke rrethuar një përgjigje të saktë nga tri përgjigjet e mundshme dhe konsiderohet i kaluar nëse kandidati posedon së paku 70 pikë nga gjithsej 100 pikë.

Neni 5

(1) Para fillimit të provimit, me kërkesë të komisionit, kandidati detyrohet ta tregojë dokumentin e identifikimit, me qëllim që komisioni ta konfirmojë identitetin e tij/saj.

(2) Komisioni u cakton kandidatëve numër identifikimi me të cilin kandidati do ta japë provimin dhe do të njoftohet për rezultatet, testin dhe zarfin e zbrazët.

(3) Kandidati regjistron numrin e tij/saj të identifikimit në vendin e caktuar të zarfit nga paragrafi (2) i këtij neni, ku vendoset edhe testi i përfunduar.

(4) Para fillimit të provimit, kryetari i komisionit i njofton kandidatët me rregullat për dhënien e provimit.

(5) Gjatë provimit, kandidati duhet të sillet në përputhje me rregullat për dhënien e provimit nga paragrafi (4) i këtij neni.

(6) Provimi fillon pasi komisioni të konstatojë se janë plotësuar kushtet për dhënien e provimit.

(7) Kryetari dhe anëtarët e komisionit i monitorojnë rregullat gjatë provimit dhe në rast të shkeljes së tyre e largojnë kandidatin nga provimi.

(8) Pas kalimit të kohës së dhënies së provimit, të gjithë kandidatë detyrohen ta përfundojnë plotësimin e testit dhe ta vendosin atë në zarfin e zbrazët, të cilin ia dorëzojnë komisionit.

Neni 6

(1) Kandidati, për shkak të arsyeve të justifikuara mund ta anulojë dhënien e provimit dhe lidhur me të ta informojë me shkrim komisionin, por jo më vonë se dy (2) ditë pune para datës së mbajtjes së provimit.

(2) Dëshmitë mbi arsyet e anulimit të dhënies së provimit duhet të parashtrohen në shtojcë të njoftimit me shkrim nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Nëse kandidati nuk e kalon provimin dhe nuk i arsyeton/justifikon shkaqet, do të konsiderohet se nuk e ka dhënë provimin.

(4) Nëse kandidati anulon dhënien e provimit, që ka filluar të zbatohet, ose nëse ndonjë anëtar i komisionit e largon atë nga provimi për shkak të sjelljes së papërshtatshme dhe/ose sjelljes në kundërshtim me rregullat e provimit, do të konsiderohet se nuk e ka dhënë provimin.

(5) Në rastet nga paragrafi (3) dhe (4) i këtij nenit, kryetari i komisionit nevojitet ta shpjegojë shkakun se pse kandidati nuk e ka dhënë provimin, në procesverbalin e provimit të mbajtur.

Neni 7

(1) Pas përfundimit të provimit, komisioni do t'i vlerësojë rezultatet e testeve dhe do të miratojë vendim më së voni deri në 5 (pesë) ditë nga dita e mbajtjes së provimit.

(2) Suksesi i kandidatit vlerësohet se e "ka kaluar" ose "nuk e ka kaluar".

(3) Kryetari i komisionit harton procesverbal për provimin e zbatuar, ku përfshihen rezultatet e provimit dhe ecurinë e tij. Procesverbali për provimin e zbatuar nënshkruhet nga kryetari dhe anëtarët e komisionit.

(4) Procesverbali i rezultateve të provimit publikohet në faqen e internetit të Ministrisë së Financave, në afat prej 10 (dhjetë) ditëve nga dita e mbajtjes së tij.

(5) Procesverbali nga paragrafi (4) i këtij neni përmban numrat e identifikimit të kandidatëve që kanë dhënë provimin dhe numrin e përgjithshëm të pikëve të fituara.

(6) Kandidati ka të drejtë që të kërkojë kontroll të testit të tij të vlerësuar, më së voni deri në 5 (pesë) ditë pune nga dita e publikimit të procesverbalit nga paragrafi (4) i këtij neni.

(7) Kontrolli në testet e vlerësuara mundësohet në hapësirat e Ministrisë së Financave me praninë e së paku 2 (dy) anëtarëve të komisionit.

Neni 8

Me hyrjen në fuqi të kësaj rregulloreje shfuqizohet Rregullorja për mënyrën e dhënies së provimit si inspektor financiar, si dhe për formën dhe përmbajtjen e kërkesës së dhënies së provimit dhe licencës së inspektorit financiar ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.135/19).

Neni 9

Kjo rregullorje hyn në fuqi në ditën e publikimit të saj në "Gazetën Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Бр. 25-2556/1
1.4.2024 — Ministër i Financave,
Shkup — Dr. Fatmir Besimi, d.v.

---

**1623.**

Врз основа на член 30 став (5) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23), министерот за финансии, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКТОР**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за Лиценца за финансиски инспектор.

Член 2

Лиценцата за финансиски инспектор се издава на образец со А-4 формат, на хартија во бела боја, на која е отпечатен грбот на Република Северна Македонија.

Формата и содржината на Образецот за лиценца за финансиски инспектор се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 25-2586/1
2 април 2024 година — Министер за финансии,
Скопје — д-р Фатмир Бесими/Fatmir Besimi, с.р.